МАКЕДОНИЈА НА СВЕТСКА ИЗЛОЖБА ВО СТОКХОЛМ

# ДИМИТРОВА, ВАНГЕЛИ И ТОШЕВСКИ НА ТЕМА „ПО ЅИДОТ..."

**● ИЗЛОЖБАТА ШТО ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НА 16 ОКТОМВРИ ЈА ОБЕЛЕЖУВА 10-ГОДИШНИНАТА ОД УРИВАЊЕТО НА БЕРЛИНСКИОТ ЅИД СО ДЕЛА НА 140 УМЕТНИЦИ ОД 22 ЗЕМЈИ**

Искра Димитрова, Игор Тошевски и Жанета Вангели се македонски претставници на големата светска изложба „По Ѕидот – Уметност и култура во пост-комунистичка Европа" што ќе се одржи во Стокхолм од 16 октомври до 16 јануари. Со изложбата ќе се обележат десет години од уривањето на Берлинскиот ѕид. Македонските уметници ќе се претстават со проектите: „Папочна врска", „Досие '96" и „Постојана желба за вечноста" селектирани од главниот куратор на изложбата, ликовниот критичар Бојана Пеиќ, која живее и работи во Берлин.

Изложбата во Модерна музејот во Стокхолм се фокусира на периодот на половината на 80-тите до денес, време обележано со многу драматични политички и културни промени во Источна и Централна Европа и поранешниот Советски сојуз. Перестројката, тргнувањето на „железната завеса", крајот на „студената војна", основање нови држави, обединувањето на Германија, последните војни на Балканот го обележа времето во пост-тоталитарниот пејсаж. „По Ѕидот..." е заинтересирана примарно за помладата генерација уметници кои по хаосот и конфузијата не беа оптоварени од комунистичката идеологија. Делата од изложбата, значи ќе ја одразуваат различноста на актуелната ситуација во 22 посткомунистички земји во Европа што можат да се пронајдат во индивидуалните дела на 140-те уметници. Според организаторите, изложбата не е на тема политика, туку истражување на индивидуалните уметнички ставови, кои може, но и не мора да одговораат на политичкиот и социјалниот контекст во кои се формирани. Изложбата ќе биде составена од четири дела: социјална скулптура, повторно откривање на минатото, прашања за субјективноста и полова презентација.

Изложбата во Стокхолм ќе биде проследена и со ексклузивен каталог на англиски јазик, во кој ќе бидат вклучени и битните генералии за секој уметник – учесник. За творештвото на Игор Тошевски, во каталогот ќе биде проследена рецензијата на Сузана Милевска, за Жанета Вангели свој осврт ќе има Небојша Вилиќ кој се јавува и како автор на текстот од областа на критичката историја, пласиран во каталогот, а за Искра Димитрова ќе пишува Лилјана Неделкова.

Организаторот на изложбата „По Ѕидот...", Модерна музејот од Стокхолм посветува големо внимание на современата уметност на 20-от век. За Музејот се вели дека има раритетна колекција на дела од современата уметност на 20-от век во Европа. Веќе две години работи на нејзина подготовка што подразбира и скулптури, видео, фотографии, филм и инсталации направени за време на последнава декада.

Л.С.



ИСКРА ДИМИТРОВА" „ОСТАТОК", 1997 ГОДИНА

ОХРИДСКО ЛЕТО